# ALFASECT
# АЛФАСЕКТ



**100mL**

Биоцид- инсектицид во облик на концентрирана суспензија (SC) за сузбивање на летачки и лазачки инсекти
**Тип на биоциден производ: PT 18**
**Содржина на активна материја:**
**Alpha-cypermethrin / алфа-циперметрин ..... 60 g/L (5.93 % w/w)**
CAS бр.: 67375-30-8

**Формулација:** Концентрирана суспензија (SC).

**Примена: ALFASECT** е биоциден производ на база на активната материја alpha-cypermethrin, која припаѓа во групата на пиретроиди, несистемичен инсектицид со контактно и дигестивно делување. Делува на централниот и периферниот нервен систем на инсектите, со многу ниски дози на примена.

**Организми на кои делува биоцидниот производ (целни организми)**
Летачки инсекти (муви, комарци, молци).
Лазачки инсекти (лебарки, мравки, крлежи, болви).
Производот може исто така да се користи во живинарските фарми за сузбивање на следниве штетници: црвен пилешки крлеж - ектопаразитски штетник, мал брашнар.
**Производител и носител на регистрацијата:**
**Sharda Cropchem Limited.**
Prime Business Park, Dashrathlal Joshi Road,
Vile Parle (West), Mumbai – 400056, Индија

**Застапник и дистрибутер за Република Северна Македонија:**

**Решение бр.: 19-900/2 од 15.11.2021. год. за ставање на биоциден производ во промет издадено од Министерство за здравство на РСМ.**

**Рок на употреба: 4 години од датумот на производство во оригинална затворена и неоштетена амбалажа, при соодветни услови на складиштување.**
**Број на шаржа и датум на производство: означени на амбалажата.**

**Производот се користи само за професионална примена!**



**ВНИМАНИЕ**

Sharda Cropchem Ltd

SHARDAEUROPE BIOCIDES

8 904150 068168

 

**ВНИМАНИЕ**

**Известување за опасност: H302** Штетно ако се проголта **H410** Токсично по живиот свет во водата со долготрајни последици

Известување за претпазливост **P264** Да се измијат рацете детално по ракувањето **P270** Да не се јаде, да не се пие и да не се пуши за време на ракувањето со овој производ **P273** Да се одбегнува испуштање/ ослободување во животната средина **P301+P312** АКО СЕ ПРОГОЛТА: Да се повика центарот за контрола од труење или лекар, доколку не се чувствувате добро **P330** Исплакнете ја устата **P391** Да се собере/истури содржината безбедно. **P501** Одложување на содржината /амбалажата во согласност со локални/регионални/национални/ меѓународни прописи.

**Упатство за употреба: Дози на примена:**

• **Стандардна доза за сузбивање на мал интензитет на инфестација од лазечки и летачки инсекти**: 25 mL производ потребно е да се раствори во 5 L вода.

1 L од растворот се применува за површина од 20 $m^2$.

• **Двојно зголемена доза** : се применува во случаи каде што е потребно изразено резидуално делување и/или на површини со висок интензитет на инфестација или на површини кои имаа висок степен на апсорпција: 50 mL производ потребно е да се раствори во 5 L вода.

1 L од растворот се применува за површина од 20 $m^2$.

**Организми на кои делува биоцидниот производ (целни организми )**

Летачки инсекти (муви, комарци, молци).

Лазачки инсекти (лебарки, мравки, крлежи, болви).

Производот може исто така да се користи во живинарските фарми за сузбивање на следниве штетници: црвен пилешки крлеж - ектопаразитски штетник, мал брашнар.

Аплицирајте го производот со помош на било која конвенционална рачна или електрична прскалка кои растворот го распрскуваат со низок притисок, создавајки крупни капки.
Додатете ја соодветната количина на ALFASECT во потребниот волумен на чиста вода и промешајте.
Аплицирајте со растворот на површини кои што се често посетувани од штетници, особено пукнатини, процепи, позади мебел и кујнски елементи.
Летачки инсекти: сузбивање на третираните површини на кои се задржуваат инсектите.
Лебарки и други лазачки инсекти: аплицирајте околу цевките, зад и под арматурата и опремата. Ако инсектите влегуваат од навор, производот прскајте го на 10 см широчина како бариера околу вратите, прозорците итн.
Мал брашнање: сузбивањето се изведува со рутинска примена после чистењето или пред наезда на нови колонии. Испрскајте ги сите површини на пример.: ѕидови, прегради и столбови и на места на премин- прагови. Не е потребно да се третира подот.
Црвен пилешки крлеж: сузбивањето се изведува во нормални (стадардни дози) на почетокот на производствениот циклус пред него што живината влезе во просторот. Испркајте ја целата површина на кавезот, гнездата, подот доколку е возможно. Особено внимание посветете на ќошевите, пукнатините и дупките каде што се крие штетникот.

**Примена на биоцидниот производ**
**ALFASECT** е биоциден производ- инсектицид кој се погоден за сузбивање на штетници и тоа во следниве области:
-Домаќинства;
-Јавни објекти - згради како што се: болници, хотели, ресторанти, кујни;
-Индустриски објекти- погони за преработка на храна.
Производот исто така може да се примени и во живинарски фарми за сузбивање на следниве штетници: црвен пилешки крлеж - ектопаразитски штетник, мал брашнар.
Производот може да се користи во редовно посетени/населени места од штетниците како заштитна бариера во облик на ленти, точки или за директно третирање на пукнатини и дупки.

**Временскиот период на забрана на користење на третираната просторија и/или површина (работна каренца)** е **12 часа** по примената на производот.
Добро проветрете ја просторијта пред повторен влез во истата.

**Ограничување:**
Не дозволувајте да дојде до излевање на производот во водните токови, канализациски и почвата.
Не ги контаминирајте водните токови со употребената амбалажа.
Не ги контаминирајте прехрамбените производи, приборот за јадење и површини кои доаѓаат во контакт со храна.
Пред третирање заштитете ги резервоарите за вода.

Не применувајте директно на животните.
Не применувајте директно на  добитокот или живината.
Опасно е за пчели.
Незаштитените лица и животните држети ги подалеку  од третираните површини додека целосно не сеисушат.

**Мерки на заштита при работа:**

Користете ја препорачата заштитна опрема. Заштитни наочари кои добро се прилагодуваат на лицето или маска за цело лице, заштитни непропусливи нараквици од нитрил, хлороперн или бутилна гума, заштитно одело на долги ракави, заштитни обувки кои го покриваат цело стопало, по потреба гумена престилка. За заштита на дишните органи потребно е да се користи заштитна маска со A2-P со комбиниран филтер.
За време на работењето да се спречи контакт со очите и кожата, да се спречи вдишување маглата од спрејот. За време на работењето не јадете, пијте ниту пушите. По завршувањето на работењето треба да се соблече работното одело, рацете и изложените делови да се измијат темелно со вода и сапун. Работната опрема да се измие темелно пред следна употреба. Да се одложи или покрие храната. Припремете раствор, само онолку колку што е потребно за примена.
**Прва помош:** Доколку операторот не се чуствува добро, побарајте лекарска помош (доколку е можно покажете го упатството од користениот производ или неговиот безбедносен лист).
Во случај на вдишување, особата изнесете ја на свеж воздух.
Соблечете ја контаминираната облека и обувки. Местата на допир исперете ги со многу вода и сапун, минимум 20 минути. Доколку симптомите не престаната, побрајте помош од доктор.
Измијте ги рацете. Со чист палец и показалец раширете ги очните капаци и измијте ги со силен млаз на вода минимум 15 минути. Извадете ги контактните леќи. Во случај на болка во очите и црвенило, да се побара лекарска помош.
Не предизвикувајте повраќање. Доколку лицето е при свест и доколку нема пречки во дишењето, усната шуплина исперете ја поголема количина на вода. Веднаш побарајте помош од доктор или пренесето го лицето во најблиската здравствена институција.

**Предупредување: Во случај на труење да се консултира Центарот за токсикологија, тел: 02/ 3147635.**

**Мерки за заштита во случај на незгода:**

Во случај на несреќа користете соодветна заштитна опрма (гумени чизми, заштитно одело, заштитни нараквици, самостоен уред за дишење). Избегнувајте вдишување, контакт со очите и кожата. Нестручните лица држете ги подалеку од местата на несреќа.
Остатокот од разлеаниот / истурениот производ соберете го со инертни материјали за впивање (на пример.

песок, земја, вермикулит) пренесете го во соодветни депозитори и одржете го на добро проветрено место се до превземање од овластен отстранувач на опасен отпад. Местото каде што се разлеал производот, добро измијте го со вода.
Доколку просторот е зафатен од пожар, веднаш започнете со гасење: водена магла, сув прав, пена или јаглероден диоксид со задолжителна примена на самостоен уред за дишење и заштитна облека за заштита од топлина и оган.

**Упатство за безбедно одложување на средството и неговата амбалажа:**
Празната амбалажа да се измие со вода најмалку три пати и течноста да се врати во резервоарот на прскалката, а остатокот од испирањето да се потроши при третирањето. Никогаш не ја користете празната амбалажа за други цели. Неупотребеното средство и отпадната амбалажа да се предадат на фирма за собирање на опасен отпад која ја одлага на пропишан начин. По примента измијте ја прскалката.

**Складирање:**
Средството мора да се складира и чува и добро во затворена оригинална, неоштетена амбалажа, со оригинална етикета, на ладно, суво и добро проветрено место, во заклучена просторија одвоена од храна, пијалоци и храна за животни вон дофат на деца, нестручни лица и животни. Избегнувајте висока температура надвор од сончева светлина. Складирајте го производот при температура од -10-40 $^{0}$C.

**Предупредување:**
Производителот гарантира за квалитетот на биоцидниот призвод додека се наоѓа и се продава во оригинално затворено пакување. За штети кои настануваат како резултат на нестручна примена или неправилно чување на средството, производителот не сноси одговорност.

# ALFASECT
# АЛФАСЕКТ



**100mL**

Биоцид- инсектицид во облик на концентрирана суспензија (SC) за сузбивање на летачки и лазачки инсекти
**Тип на биоциден производ: PT 18**
**Содржина на активна материја:**
**Alpha-cypermethrin / алфа-циперметрин ..... 60 g/L (5.93 % w/w)**
CAS бр.: 67375-30-8

**Формулација:** Концентрирана суспензија (SC).

**Примена: ALFASECT** е биоциден производ на база на активната материја alpha-cypermethrin, која припаѓа во групата на пиретроиди, несистемичен инсектицид со контактно и дигестивно делување. Делува на централниот и периферниот нервен систем на инсектите, со многу ниски дози на примена.

**Организми на кои делува биоцидниот производ (целни организми)**
Летачки инсекти (муви, комарци, молци).
Лазачки инсекти (лебарки, мравки, крлежи, болви).
Производот може исто така да се користи во живинарските фарми за сузбивање на следниве штетници: црвен пилешки крлеж - ектопаразитски штетник, мал брашнар.
**Производител и носител на регистрацијата:**
**Sharda Cropchem Limited.**
Prime Business Park, Dashrathlal Joshi Road,
Vile Parle (West), Mumbai – 400056, Индија

**Застапник и дистрибутер за Република Северна Македонија:**

**Решение бр.: 19-900/2 од 15.11.2021. год. за ставање на биоциден производ во промет издадено од Министерство за здравство на РСМ.**

**Рок на употреба: 4 години од датумот на производство во оригинална затворена и неоштетена амбалажа, при соодветни услови на складиштување.**
**Број на шаржа и датум на производство: означени на амбалажата.**

**Производот се користи само за професионална примена!**



**ВНИМАНИЕ**

Sharda Cropchem Ltd

SHARDAEUROPE BIOCIDES

8 904150 068168